**ЗАПИСНИК**
**од 28-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 24.09.2021 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, д-р Методија Јанчески.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: /

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. На седницата, бидејќи директорот на Агенцијата беше на службен пат, го заменуваше м-р Драгица Љубевска, раководител на Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот-шеф на кабинет, по овластување на директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (бр.03-2951/1 од 06.08.2021 година).**

**Присутни од Стручната служба**: м-р Драгица Љубевска, м-р Емилија Јаневска, д-р Ивана Стојановска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска.

**Други присутни:** /

Г-дин Петрушевски ја отвори 28-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 15:00 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Г-дин Петрушевски информира дека директорот на Агенцијата г-дин Трајчевски е службено отсутен, но и покрај тоа на седницата е присутен преку аудио и видео конференциска врска. Наведе дека исто така е присутна и овластената негова заменичка м-р Драгица Љубевска и неколку вработени од Стручната служба. Во врска со предложениот дневен ред објасни дека насловот на Точка 2 ќе се коригира и ќе гласи „Предлог -упатство за изменување на Упатството за платеното политичко рекламирање за Локалните избори 2021 година“ онака како што е формулиран во доставените материјали по точката.

Советот на Агенцијата, со предложената корекција, едногласно го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од 27-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 21.09.2021 година.
2. Предлог -упатство за изменување на Упатството за платеното политичко рекламирање за Локалните избори 2021 година.
3. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 27-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 21.09.2021 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Раководителката на Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот-шеф на кабинет, м-р Драгица Љубевска го образложи Предлог-упатството за изменување на Упатството за платеното политичко рекламирање за Локалните избори 2021 година. Објасни дека на 1 септември оваа година Советот усвои Нацрт-упатство за ППР за Локалните избори 2021 и отвори јавна расправа која што требаше да трае заклучно со 16 септември. Но, на 15-ти септември односно само неколку дена пред почетокот на изборната кампања, Собранието усвои Закон за изменување и дополнување на Изборниот законик поради што Советот на Агенцијата усвои ново Упатство за ППР за Локалните избори 2021 на седницата којашто беше одржана на 21 септември. Во меѓувреме поточно во текот на вчерашниот и денешниот ден пристигнаа 3 претставки од кои 2 се од политичката партија Левица и една од политичката партија ЛДП. Левица во својата реакција смета дека единствено тие и ДПА имаат право на 1 минута за ППР или со евентуално поекстензивно толкување на членот 75-ѓ став 1 во оваа категорија можат да влезат и Движењето БЕСА и Коалицијата на ЛДП и ДОМ. Втората претставка е од ЛДП која смета дека право на оваа една минута имаат само политичките партии ЛДП, Левица, БЕСА и ДПА затоа што пратениците од ГРОМ, ВМРО НП и Партијата на Турците во Македонија се дел од пратеничките групи на СДСМ и на ВМРО ДПМНЕ. Пред час и половина стигна уште една претставка од Левица поточно Претставката-приговор со вонсудска опомена пред тужба која што се однесува на истото прашање со тоа што во прилог е доставена коресподенција која што е прибавена од Кабинетот на претседателот на Собранието на РСМ. Имајќи ги предвид сите пристигнати претставки и различни толкувања што ги предизвика членот 75-ѓ став 1 од Изборниот законик, се предлага во Точка 3 став 1 алинеја 3 од Упатството да не се наведуваат подносителите на листи коишто имаат право да ја користат оваа една минута на еден реален час, и во точката да се преслика законската одредба онака како што е во Изборниот законик.

Г-дин Петрушевски објасни, бидејќи подоцна е добиен материјалот за седница, дека ќе ја прочита како сега ќе гласи содржината на Точка 3 став 1 алинеја 3 од Упатството и тоа - „Во максимум 1-та минута ќе се емитува платеното политичко рекламирање на подносителите на листи од политичките партии во Собранието кои на последните избори за пратеници не освоиле доволно пратеници да формираат пратеничка група“. Појасни дека во истото Упатство во Точката 4 останува дека тие треба претходно да се договорат меѓу себе така што им се оставаат на некој начин одврзани раце на партиите и на оние кои што имаат забелешки, Агенцијата и Советот да не ги спречуваат туку да постапат онака како што тие мислат дека треба.

Г-дин Фиданоски рече дека се согласува со предлогот во Упатството да се оди со буквално пресликано законско решение односно онака како што е наведено во последната измена на Изборниот законик и така да стои во Упатството за да нема никакви дилеми кај Советот, а уште повеќе да не се најдат Агенцијата и Советот во

средиштето на изборниот ринг наместо да бидат тие што треба да ја набљудуваат предизборната борба. Основна мисија на Агенцијата како регулатор е да направи мониторинг на предизборното и изборното медиумско претставување на сите учесници во изборите, а не и ѐ мисија да имаат писмени преписки или вербални со субјекти кои што се учесници во изборите. И минатиот пат дискутирале дека се направени измени на Упатството заради измени кои што се направени условно кажано преку ноќ на Изборниот законик што не е прв ваков случај. Од тие причини за да се избегне понатамошно инволвирање на Агенцијата и Советот во целата оваа приказна, најдобро е да се оди со предложеното решение и АВМУ да си го направи мониторингот онака како што го прави.

Г-дин Петрушевски рече гледајќи ги податоците од Државната изборна комисија во колку избирачки места се јавуваат овие 4 или 8 субјекти, може да се забележи дека 4-те партии кои се спорни во претставките, две од нив ВМРО НП и Партија за движење на Турците немаат ниту еден кандидат за градоначалник, партијата ГРОМ има еден кандидат за градоначалник на општина Карпош и Демократската партија на Турците има 5 кандидати во помали општини. Се работи за многу мал број на кандидати за градоначалници, а слична е ситуацијата и со листите. Сметаше и да не беа овие претставки од 4-те поголеми партии немаше да има проблем едноставно затоа што тие немаат кандидати да потрошат пари, немаат кого да рекламираат. Но, за да не се вмешуваат Агенцијата и Советот во нивните меѓусебни односи и да толкуваат како функционира Собранието, рече дека го поддржува предлогот да биде онака како што пишува во Законот. Државната изборна комисија е надлежна за распределба на парите, а на Агенцијата како што кажал г-дин Фиданоски е да ги мониторира медиумите и да ги мотивираат да биде известувањето правично, балансирано, сите да имаат чесна можност да ги претстават своите можности и граѓаните да изберат како што тие сметаат дека треба. Ќе го поддржи овој предлог.

Г-дин Ајдини рече дека преземената формулацијата од Изборниот законик е коректна и Советот и Агенцијата го прават ова Упатство за да не се доведуваат во ситуација како што кажале г-дин Фиданоски и директорот г-дин Трајчевски, да не бидат на некој начин „боксерска вреќа“, бидејќи сите знаат дека во сите избори Агенцијата и Советот на некој начин стануваат „главни виновници“ помеѓу партиите. Се изјасни дека според него предложеното Упатството е во ред и ќе го поддржи како што е предложено.

Г-дин Трајчевски постави прашање до Советот во однос на тоа каков одговор да се достави до Левица и ЛДП во однос на претставките? Објасни дека првичниот одговор што беше подготвен од м-р Емилија Петреска Камењарова сега не соодветствува бидејќи сега се менува Упатството.

Г-дин Петрушевски рече дека во материјалите не е даден никаков предлог од службата што да им се одговори.

Г-дин Трајчевски објасни дека првично имаше идеја да не се менува Упатството и да се остане онака како што беше изгласано на претходната седница. Праша во која насока сега би се движел одговорот, дали дека Агенцијата и Советот ги разгледале претставките и одлучиле да се стави дефиницијата која што е во Изборниот законик, без да се навлегува во детали?

Г-дин Петрушевски објасни дека не треба да се изјаснуваат дали делумно е прифатено или не, туку да им се достави Упатството се предложените измени.

Г-дин Трајчевски објасни дека согласно Законот, мора Агенцијата да одговори на претставки.

Г-дин Петрушевски рече дека ќе им се одговори со тоа што како што беше кажано, Стручната служба, директорот и Советот на Агенцијата го донесоа следното решение и ќе им се достави Упатството. Рече дека не треба да се објаснуваат, сите имаат различни мислења, кој е во право кој не е, се работи за 81 општина, фактички има 81 избори и во секои избори, во секоја општина може секој на секого да биде конкурент, различна е ситуацијата. Се работи за подносители на листи, не се работи за состојба во пратеничките групи во Собранието, но за да не се отвора дискусија натаму, за да не навлезат во внатрешните односи меѓу партиите во Собранието на РСМ, тој е за тоа дописот содржински да биде што помал, сличен на ова како што го прават со Упатството, согласно Законот.

Г-дин Трајчевски објасни дека по усвојување на Упатството, ќе се подготви соопштение во прилог со новото коригирано Упатство и ќе се испрати до сите радиодифузери за да бидат во тек со измените.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Упатство за изменување на Упатството за платеното политичко рекламирање за Локалните избори 2021 бр.01-3457/1 од 21.09.2021 година, со текст како што беше предложено.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изработи пречистен текст на Упатството за платеното политичко рекламирање за Локалните избори 2021, кој ќе се објави на веб сајтот на Агенцијата (www.avmu.mk).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот на Агенцијата Упатство за изменување на Упатство за платеното политичко рекламирање за Локалните избори 2021 да го објави на веб страницата на Агенцијата (www.avmu.mk).

Г-дин Петрушевски до службите упати насоки новото Упатство да се испрати до сите медиуми и до заинтересираните страни односно до оние кои ги поднесоа претставките, дека тоа е решението што е донесено од страна на службите, директорот и Советот.

**Точка 3**

**Разно**

Немаше точки под Разно.

**Бр.** 02-348/4
08-10 **2021 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**